Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

ДО РОБЕРТ ПОПОВСКИ, МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР, ЗАДОЛЖЕН ЗА КОМУНИКАЦИИ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44 –4272/1
17.4.2018 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

# ИЗВАДОК

**од Нацрт – записникот од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.4.2018 година**

**„ТОЧКА 66:** Информација за објавување на службените трошења на именуваните директори и заменици на директори на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на министерствата на официјалните веб-страници

Владата ја разгледа Информацијата за објавување на службените трошења на именуваните директори и заменици на директори на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на министерствата на официјалните веб-страници и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат директорите и замениците на директорите на самостојните органи на државната управа, на органите во состав на министерствата и Инспекцискиот совет (Прилог 1), на своите веб-страници да ги објават податоците за нивните службени трошоци направени во периодот од 1.12.2014 година до 31.5.2015 година и во периодот од 1.12.2017 година до 31.5.2018 година, најдоцна до 20.6.2018 година.

2. Се укажува на директорите и замениците на директорите на јавните претпријатија, правните лица со јавни овластувања и акционерските друштва во државна сопственост (Прилог 1), на своите веб-страници да ги објават податоците за нивните службени трошоци направени во периодот од 1.12.2014 година до 31.5.2015 година и во периодот од 1.12.2017 година до 31.5.2018 година, најдоцна до 20.06.2018 година."

Република Македонија
Државен архив ... Македонија
Примено: 13.04.2018
03-1340/1

**ПРИЛОГ 1:**
- Листа на институции

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите институции од Прилог 1

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Ирма Мандева/Зоран Брнарчевски
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

**Наративен извештај за декември 2017 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1340/2
19.06. 2018 год.
СКОПЈЕ

Во текот на декември 2017 година не се реализирани службени патувања во странство од страна на г. Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија.

**Скопје, 19 јуни 2018 г.**

**Директор,**

**Кирил Петров**

**Наративен извештај за јануари 2018 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1340/3
19.06. 2018 год.
СКОПЈЕ

Во текот на јануари 2018 година не се реализирани службени патувања во странство од страна на г. Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија.

**Скопје, 19 јуни 2018 г.**

**Директор,**

**Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1340/4
19.06. 2018 год
СКОПЈЕ

**Наративен извештај за февруари 2018 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

Во периодот од 26 февруари до 2 март 2018 година делегација од Државниот архив на Република Македонија, предводена од г. Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија, во рамките на Програмата за работа на Државниот архив и активностите со цел унапредување на процесот на дигитализација на архивскиот материјал реализираше службено патување во Белград, Република Србија. Притоа претставниците од Државниот архив на Република Македонија присуствуваа на неколку презентации за „Дигитален архив“, на кои се презентирани софтверски решенија за унапредување на канцелариското и архивското работење, компјутерска опрема (скенери, компјутери и уреди за конверзија на микрофилмски снимки во дигитални и обратно.

Презентациите се одржани во Архивот на град Белград, во Кабинетот на градоначалникот на град Белград и во Заедницата на општините во град Белград.

**Скопје, 19 јуни 2018 г.**

**Директор,**

**Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1340/5
20.06. 2018 год.
СКОПЈЕ

**Наративен извештај за март 2018 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

1. Во периодот од 14 до 16 март 2018 година, Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија, заедно со уште тројца вработени на Државниот архив на Република Македонија зеде учество на меѓународната конференција, IV-ти Денови на ИКАРУС во Хрватска, на тема - „Европски архивски пејсаж: Посегнување по нови хоризонти“, која се одржа во Трогир, Република Хрватска.

Конференцијата беше организирана од ИКАРУС Хрватска[1], во соработка со конзорциумот ИКАРУС - Меѓународен центар за архивско истражување (ICARUS - International Centre for Archival Research[2]), Државниот архив во Сплит[3], Европскиот регионален огранок на Меѓународниот архивски совет (ЕУРБИКА) и други партнери.

На собирот беа презентирани активностите на ИКАРУС и неговите членови преку процесите за дигитализација и заштита на пишуваното наследство во рамките на тековните проекти и програми низ Европа, вклучувајќи го и co:op[4], дигиталната

[1] ИКАРУС Хрватска е непрофитна организација посветена на истражување на историското наследство, промовирање на достапноста на архивските извори по пат на информатичка технологија и развојот на меѓуинституционална и меѓународна соработка во областа на културната, научната и професионалната дејност. ИКАРУС Хрватска е член на ИКАРУС.

[2] ИКАРУС (www.icar-us.eu) е конзорциум кој ги поддржува архивите и другите сродни институции во справувањето со предизвиците на новото дигитално време. ИКАРУС е основан во 2008 година и е организиран како здружение во согласност со законот во Австрија и се состои од повеќе од 160 јавни тела од околу 30 европски држави, Канада и Америка. Државниот архив на Република Македонија е член на ИКАРУС од декември 2010 година.

[3] www.das.hr

[4] co:op (Community as opportunity: the creative archives' and users' network) е проект на ИКАРУС во чија реализација учествуваат 17 институции од 11 европски земји, а е поддржан со финансиски средства од Европската Комисија, во рамките на програмата Creative Europe. Целта на овој проект е да се зајакне и да се унапреди соработката помеѓу архивите и другите институции кои го чуваат заедничкото културно наследство и да се стимулира учеството на општата јавност.

платформа Monasterium[5], Topotheque[6] и Matricula[7], но и најновите иницијативи, како што е проектот со Европско знаменце - Time Machine[8].

На конференцијата беа претставени и различни меѓународни теми, со нагласок на Европскиот архивски портал[9] и ЕУРБИКА, како што се Safe Havens for Archives at Risk, заедничкото архивско наследство и други отворени прашања поврзани со дигиталното наследство, користењето на дигиталните информации, како и активностите поврзани со DARIAH[10] и разновидни интердисциплинарни портали и проекти од областа на културата и науката.

На конференцијата присуствуваа околу 150 учесници од 20 европски земји.

Повеќе информации за конференцијата може да се најдат на: http://icar-us.eu/en/events и https://www.facebook.com/icarushr/.

Помеѓу работните сесии на Конференцијата, директорот на Државниот архив на Република Македонија, Кирил Петров се сретна со д-р Бојан Цвелфар, директор на Архивот на Република Словенија, со кого разговараше за можностите за организирање на обука на македонски архивисти во Архивот на Р. Словенија, која би се однесувала на конзервацијата и реставрацијата, но и дигитализацијата на архивскиот материјал. За време на разговорот е договорена и идната средба на директорите на државните архиви од поранешните републики на СФР Југославија, сукцесори на заедничкото архивско наследство од поранешна Југославија, која се одржа во април 2018 година во Раденци, Р. Словенија, паралелно со 35-тата Меѓународна конференција „Технички и стручни проблеми при традиционалното и електронското архивирање", организирана од страна на Покраинскиот архив од Марибор.

Во Трогир, за време на Конференцијата, директорот на Државниот архив на Република Македонија се сретна со директорот на Државната агенција на архивите од Косово, г-дин Рам Манај и се договорија идната соработка помеѓу двете институции да

[5] Monasterium – Monasterium.Net е проект на ИКАРУС и претставува европски виртуелен архив за повелби. Овој on-line портал со повеќе од 250.000 средновековни повелби, добиени од околу 60 институции од 10 европски земји, го прави истражувањето независно од времето и местото и го овозможува користењето на поставениот материјал во едукативни цели.

[6] Topotheque е платформа со која може да администрира едно лице или институција, а на нејзе може секој индивидуалец да поставува фотографии и документи во дигитална форма, притоа задржувајќи го оригиналот за себе и збогатувајќи ја базата со податоци на Topotheque со скенирани фотографии или документи, кои може да бидат индексирани од страна на јавноста. Со Topotheque се овозможува пребарување по клучен збор, дата или локација. Topotheque е платформа која што локалниот историски материјал и знаење, во сопственост на приватни лица го прави достапно on-line.

[7] Порталот Matricula (проект на ИКАРУС) нуди иновативен начин за пристап до црковните регистри, како непроценливи историски извори.

[8] Venice Time Machine - пионерски проект во рамките на програмата за Меѓународните дигитални хуманистички науки, промовиран од страна на ЕПФЛ (Ecole Polytechnique Federale De Lausanne) и Универзитетот Ca'Foscari од Венеција, во 2012 година (http://vtm.epfl.ch)

[9] Европскиот архивски портал (Archives Portal Europe) е платформа за публикување, отворена за која било институција, каде било во светот, која што има за цел да сподели содржини поврзани со историјата на Европа. Порталот е линк потребен за комуникација помеѓу архивите и истражувачите во целиот свет, а работи во согласност со меѓународните стандарди за архивски метаподатоци. (www.archivesportaleurope.net; www.archivesportaleuropefoundation.eu)

[10] DARIAH (Digital Research Infrastructure for the Arts and Humanities) е европски истражувачки конзорциум за уметност и хуманистички науки (www.dariah.eu)

продолжи со потпишување на нов Договор за соработка (потпишан подоцна на 14 мај 2018 г. во Приштина).

За време на Состанокот на ИКАРУС Хрватска во Трогир беше посетен и Државниот архив во Сплит, каде што беше презентиран Архивот на географските карти од Истра и Далмација, а беше посетена новоизградената зграда на Архивот на Сплитската жупанија, во чие што градење се применети најновите меѓународни стандарди за архивски згради, што може да бидат применети во изградбата на нови архивски згради во Република Македонија.

2. На 17 март 2018 година, г. Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија, заедно со уште тројца вработени во Архивот го посетија Историскиот архив во Котор.

Посетата е реализирана на покана на г-ѓа Снежана Пејовиќ, директор на овој Архив, која на делегацијата од Државниот архив на Република Македонија им ја претстави организационата поставеност на архивите во Црна Гора, работата со документите од средниот век, како и проблемите во текот на архивското работење.

За време на посетата во Историскиот архив во Котор, македонската делегација имаше можност да ја види изложбата за побуната на морнарите од 1918 година во Австро-унгарската поморска флота, која била лоцирана во Бокакоторскиот залив. Оваа изложба е подготвена во чест на одбележувањето на 100-годишнината од Првата светска војна.

**Скопје, 19 јуни 2018 г.**

**Директор,**

**Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1340/6
20.06. 2018 год.
СКОПЈЕ

**Наративен извештај за април 2018 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

1. Во периодот од 9 до 13 април , г. Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија и м-р Сашо Јанкуловски, в.д. државен советник во Државниот архив реализираа службено патување во Република Словенија. На 10 април тие го посетија Архивот на Република Словенија во Љубљана, за време на која посета се сретнаа со д-р Бојан Цвелфар, директор на Архивот на Република Словенија, со кого ги разгледаа можностите за соработка меѓу двата архиви и можноста за вклучување на Државниот архив на Република Македонија во проектите на Европската унија наменети за архивите.

Вработените од Архивот на Република Словенија на претставниците од Државниот архив на Република Македонија им ја презентираа програмата за е-архиви во Република Словенија, како и начинот на работа и достигнувањата на Архивот на Република Словенија во последните години.

За време на службеното патување во Република Словенија, г. Кирил Петров присуствуваше на состанокот за проектот за дигитализација на заедничкото архивско наследство од поранешна СФР Југославија и на меѓународната конференција „Технички и стручни проблеми при традиционалното и електронското архивирање", што се одржаа во Раденци, во периодот од 11 до 13 април 2018 година.

2. Во периодот од 18 до 21 април 2018 година, Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија, заедно со уште тројца вработени во Државниот архив на Република Македонија реализираше службено патување во Бања Лука, Република Српска, при што на 19 и 20 април зеде учество на одбележувањето на 65 годишнината од постоењето на Архивот на Република Српска.

Јубилејот беше одбележан со свечена академија, на која беа доделени пригодни награди за најзаслужните соработници на Архивот на Република Српска, а беа организирани и неколку промоции и изложби. Беа отворени изложбите: „Мостови на Дрина", во фоајето на Народниот театар на Република Српска, „Школството во Бања Лука", во Банскиот двор - Културен центар и „Архивското богатство на Република Српска", а беа промовирани и публикациите: зборник на документи „Школството во Босанска Крајина", зборникот „Архивското богатство на Република Српска", зборникот „Стопанството во Бања Лука и Босанска Крајина во зачетокот и развојот на капитализмот 1878-1941" и фотомонографијата „Бања Лука - центар на Врбаската Бановина 1929-1941".

На 65 годишниот јубилеј од постоењето на Архивот на Република Српска присуствуваа директорите на националните архиви на сите поранешни републики на поранешна СФР Југославија, што беше искористено од страна на г-дин Кирил Петров, за реализирање на индивидуални средби со сите нив, со цел да разговара за соработката на Државниот архив на Република Македонија со тие архиви и во врска со прашањата за сукцесија на заедничкото архивско наследство од поранешна СФРЈ, односно имплементацијата на Спогодбата за сукцесија и Анексот Д од истата, кој се однесува на архивите.

Во Бања Лука се остварени средби помеѓу директорот на Државниот архив на Република Македонија, г-дин Кирил Петров и г-дин Бојан Стојниќ, директор на Архивот на Република Српска, г-дин Милан Терзиќ, директор на Архивот на Југославија, г-дин Саша Клепиќ, директор на Архивот на Босна и Херцеговина и г-дин Бојан Цвелфар, директор на Архивот на Република Словенија.

**Скопје, 19 јуни 2018 г.**

**Директор,**

**Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 1340/7
20. 06. 2018 год.
СКОПЈЕ

**Наративен извештај за мај 2018 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

Во текот на месец мај 2018 година, со цел реализирање на Програмата за работа на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров реализираше службено патување во Приштина, Република Косово.

Г. Петров, заедно со в.д. заменик директорот на Државниот архив и уште двајца вработени во Архивот, на 14 мај 2018 година оствари работна посета на Државната агенција на архивите на Косово во Приштина.

Посетата е реализирана на покана на Државната агенција на архивите на Косово, а за време на средбата, директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров и г. Рам Манај, извршен директор на Државната агенција на архивите на Косово, потпишаа Договор за соработка помеѓу двете архивски институции.

Овој Договор е предвиден во Програмата за работа на Државниот архив на Република Македонија во 2018 година и претставува обновување на претходно потпишан Договор за соработка меѓу овие две архивски институции.

Текстот на Договорот за соработка беше претходно одобрен од Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

Во согласност со новиот Договор за соработка, Државниот архив на Република Македонија и Државната агенција на архивите на Косово ќе работат на развивање и унапредување на соработката во областа на архивите, при што соработката ќе биде развивана врз основа на еднаквост и заемен интерес, но и врз основа на финансиските можности и во согласност со националното законодавство, како и меѓудржавните договори.

За време на посетата на Државната агенција на архивите на Косово во Приштина, на делегацијата од Државниот архив на Република Македонија и беше презентиран начинот на работа во архивите во Косово, пред се во областа на дигитализацијата и конзервацијата, но исто така беа запознати и со работата со корисниците на архивскиот материјал, работата во библиотеката и со публикувањето на архивските материјали.

**Скопје, 19 јуни 2018 г.**

**Директор,**
**Кирил Петров**

Име на институција: ДРЖАВЕН АРХИВ НА РМ
Име на носител на јавна функција: КИРИЛ ПЕТРОВ
Датум на стапување на функција:

| Број трошок | Тип на трошок | Декември- 2017 | Јануари- 2018 | Февруари- 2018 | Март- 2018 | Април- 2018 | Мај- 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 0 0 1 | Јавен превоз | MKD0,00 | | | | | |
| 0 0 2 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 0 0 3 | Такси превоз | | | | | | |
| 0 0 4 | Авионски карти | | | | | | |
| 0 0 5 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 0 0 6 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 0 0 7 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 0 0 8 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 0 0 9 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 0 1 0 | Хотелско сместување во странство | | | MKD10.102,00 | MKD21.971,00 | MKD9.893,00 | MKD12.361,00 |
| 0 1 1 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | | | | | | |
| 0 1 2 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | MKD10.090,00 | MKD384,00 | MKD5.560,00 | MKD5.294,00 | MKD3.019,00 | MKD8.721,00 |
| 0 1 3 | Угостителски услуги во странство | | | MKD3.184,00 | MKD4.991,00 | MKD7.295,00 | MKD2.437,00 |
| 0 1 4 | Трошоци за мобилен телефон | MKD944,00 | MKD1.165,00 | MKD1.165,00 | MKD1.410,00 | MKD1.214,00 | MKD0,00 |
| 0 1 5 | Дневници при патување во странство | | | MKD12.704,00 | MKD14.854,00 | MKD21.951,00 | MKD1.421,00 |
| 0 1 6 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | | | | | MKD6.653,00 | MKD4.440,00 |

Име на институција:
Име на носител на јавна функција: МУЗАФЕР БЕСЛИМИ
Датум на стапување на функција:

| Број трошок | Тип на трошок | Декември- 2017 | Јануари- 2018 | Февруари- 2018 | Март- 2018 | Април- 2018 | Мај- 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 0 0 1 | Јавен превоз | MKD0,00 | | | | | MKD3.700,00 |
| 0 0 2 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 0 0 3 | Такси превоз | | | | | | |
| 0 0 4 | Авионски карти | | | | | | |
| 0 0 5 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 0 0 6 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 0 0 7 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 0 0 8 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 0 0 9 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 0 1 0 | Хотелско сместување во странство | | | MKD0,00 | MKD0,00 | MKD8.666,00 | MKD0,00 |
| 0 1 1 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | | | | | | |
| 0 1 2 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | MKD1.870,00 | MKD1.080,00 | MKD3.000,00 | MKD2.810,00 | MKD3.354,00 | MKD791,00 |
| 0 1 3 | Угостителски услуги во странство | | | | MKD0,00 | MKD0,00 | MKD0,00 |
| 0 1 4 | Трошоци за мобилен телефон | MKD1.415,00 | MKD1.415,00 | MKD1.415,00 | MKD1.415,00 | MKD1.518,00 | MKD0,00 |
| 0 1 5 | Дневници при патување во странство | | | MKD0,00 | MKD0,00 | MKD4.581,00 | MKD15.390,00 |
| 0 1 6 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | | | | | MKD389,00 | MKD3.000,00 |

Име на институција:
Име на носител на јавна функција: KERIM LITA
Датум на стапување на функција:

| Број трошок | Тип на трошок | дек.14 | јан.15 | фев.15 | мар.15 | апр.15 | мај.15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 0 0 1 | Јавен превоз | | | | | | |
| 0 0 2 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 0 0 3 | Такси превоз | | | | | | |
| 0 0 4 | Авионски карти | | | | | | |
| 0 0 5 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 0 0 6 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 0 0 7 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 0 0 8 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 0 0 9 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 0 1 0 | Хотелско сместување во странство | | | | | | |
| 0 1 1 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | | | | | | |
| 0 1 2 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | | | | MKD1.608,00 | | |
| 0 1 3 | Угостителски услуги во странство | | | | | | |
| 0 1 4 | Трошоци за мобилен телефон | MKD3.377,00 | MKD1.725,00 | MKD7.470,00 | MKD2.562,00 | MKD1.618,00 | MKD1.925,00 |
| 0 1 5 | Дневници при патување во странство | MKD1.986,00 | | | MKD5.951,00 | | |
| 0 1 6 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | | | | | | |

Име на институција:
Име на носител на јавна функција: FILIP PETROV
Датум на стапување на функција:

| Број трошок | Тип на трошок | дек. 2014 | јан.15 | феб.2015 | мар.15 | апр.15 | мај.15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 0 0 1 | Јавен превоз | | | | | MKD1.735,00 | |
| 0 0 2 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 0 0 3 | Такси превоз | | | | | | |
| 0 0 4 | Авионски карти | | | | | MKD43.718,00 | |
| 0 0 5 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 0 0 6 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 0 0 7 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 0 0 8 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 0 0 9 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 0 1 0 | Хотелско сместување во странство | | | | | MKD19.470,00 | |
| 0 1 1 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | | | | | | |
| 0 1 2 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | | | | MKD4.957,00 | MKD1.449,00 | MKD5.198,00 |
| 0 1 3 | Угостителски услуги во странство | | | | | MKD2.789,00 | |
| 0 1 4 | Трошоци за мобилен телефон | | | | | | |
| 0 1 5 | Дневници при патување во странство | | | | | MKD15.307,00 | |
| 0 1 6 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | | | | | | |

Име на институција:

Име на носител на јавна функција: ZORAN TODOROV

Датум на стапување на функција:

| Број трошок | Тип на трошок | дек.14 | јан.15 | фев.15 | мар.15 | апр.15 | мај.15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 0 0 1 | Јавен превоз | | | | | | |
| 0 0 2 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 0 0 3 | Такси превоз | | | | | | |
| 0 0 4 | Авионски карти | | | MKD12.938,00 | | | |
| 0 0 5 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 0 0 6 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 0 0 7 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 0 0 8 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 0 0 9 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 0 1 0 | Хотелско сместување во странство | | MKD2.417,00 | | | | |
| 0 1 1 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | | | | | | |
| 0 1 2 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | MKD12.346,00 | | MKD3.425,00 | MKD1.367,00 | | |
| 0 1 3 | Угостителски услуги во странство | | | | | | |
| 0 1 4 | Трошоци за мобилен телефон | MKD3.493,00 | MKD8.575,00 | MKD529,00 | MKD3.233,00 | | |
| 0 1 5 | Дневници при патување во странство | | MKD3.843,00 | | | | |
| 0 1 6 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | | | | | | |